тоа што се додели раководење на седница од III секција.

За претседател во III секција (Современа историја), беше избран д-р Александар Апостолов, редовен професор на Филозофско-историскиот факултет од Скопје. Тој раководеше со седниците што имаа работна тема: „Проблемот на демократијата во внатрешната структура на политичките партии и движења во XX век".

Седницата со која раководеше проф. Апостолов се одржа на 26 август и на неа се прочитаа три реферати со следниве наслови:

1. „Проблемите на лидерството во политичките парти од Западна Европа во XX век" од Р. РУФИЕ — Швајцарија.
2. „Социјалистичката револуција и граѓанските демократски реформи во работничкото движење во Австро-унгарската монархија пред нејзиното распаѓање", референт Т. ЕРЕЊИ — Унгарија.
3. „Демократски цели и намери во активностите на комунистичките партии", репортер, Максим Павловиќ - Ким — СССР.

По прочитаните реферати имаше мошне интересна и содржајна дискусија во која учествуваа 6 дискутанти.

Што се однесува до организацијата на Конгресот, таа беше мошне успешна, но недостасуваше симултано преведување какво што беше обезбедено на претходниот светски конгрес. За учесниците на Конгресот беа организирани посети на изложби, знаменитости во Сан Франциско, на Паркот на Секвоите, на универзитетските центри во Берклеј и Станфорд, а имаше и индивидуални посети на американски семејства по нивна покана.

На овој конгрес се реши идниот XV меѓународен конгрес на историчарите да се одржи во Букурешт 1980 година.

Александар АПОСТОЛОВ

Лазар ЛАЗАРОВ

## ТРКАЛЕЗНА МАСА. НОВИ СОЗНАНИЈА ЗА ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ — СРЕДБА НА ИСТОРИЧАРИ, ЈАВНИ И КУЛТУРНИ РАБОТНИЦИ

Во културно-просветната манифестација посветена на Гоце Делчев — идеолог и организатор на македонското ослободително движење во повеќе градови на територијата на СРМ, на 3, 4 и 5 февруари беше организирана пригодна програма „ПЕСНА ЗА ГОЦЕ 1976". Жижата на овие Гоцеви денови беше градот Скопје. Во текот на овие три дена во Универзалната сала во Скопје со своја програма настапија повеќе културно-уметнички друштва од Републиката.

Во рамките на оваа манифестација во организација на Институтот за национална историја — Скопје, на 4 февруари 1976 година (денот на раѓањето на Гоце Делчев) беше организиран собир Тркалезна маса посветен на Гоце Делчев и македонското национално-ослободително движење. Целта

на овој собир беше да се изнесат некои нови сознанија за овој наш великан и апостол на македонското револуционерно движење. Како први уводни дискутанти беа: д-р Манол Пандевски „За поширoко гледање на Гоце Делчев како основоположник на македонската националноослободителна револуција", д-р Крсте Битоски „За борбата на Гоце Делчев против врховистите" и д-р Орде Ивановски „Гоце Делчев во спомените на Димо Хаџи Димов". Првиот дискутант М. Пандевски, ги изнесе во куси црти приликите во Македонија во кои се појави, растеше и се развиваше македонското национално револуционерно движење. Притоа тој даде една компарација на спецификите на македонското движење со другите ослободителни движења што се појавија на Балканот и нивниот меѓусебен однос и соработка. Посебно значаен белег на излагањето на Пандевски е тоа што беа изнесени некои нови сознанија и оценка за македонското националноослободително движење и Гоце Делчев. Меѓу нив би го издвоиле одгласот на македонското револуционерно движење и неговиот врвен дострел — Илинденското востание кај балканските и европските прогресивни кругови. Поконкретно за одгласот кај српската социјал-демократска партија, која гледала на ова револуционерно движење со симпатии, што го поткрепува излагачот според една анкета спроведена во тогашна Србија и тесната врска на македонското ослободително движење со основачите на Бугарската социјалдемократска партија — Никола Габровски и Никола Харлаков и други податоци. Понатаму, нови сознанија за македонското ослободително движење и Гоце Делчев изнесе д-р Крсте Битоски. Централно место во неговото излагање беше ставот и односите на бугарскиот врховен комитет кон македонското ослободително движење. Притоа, мошне децидно беше подвлечено дека и Врховниот комитет и официјална Бугарија имале негативен однос кон македонското движење, што во крајна линија неповолно се одрази врз неговиот растеж и развиток. Но сосема е друго прашањето — истакнува Битоски — што дел од македонскиот прогресивен слој се наоѓаше во Бугарија. Целта на Македонската организација беше на чело на македонската емиграција да дојде Комитет кој ќе работи за интересите на македонското ослободително движење. Така во 1899 година беше формиран Сарафовиот комитет, кој покажа интерес и готовност да ја помогне Македонската револуционерна организација, но брзо потоа си ја откри својата антимакедонска политика и почна да дејствува против македонското револуционерно движење. Таа политика особено дојде до израз кога на чело на Врховниот комитет застана ген. Цончев и кога за задгранични претставници самоволно се поставуваат Татарчев и Матов. Овие околности обусловија македонските окружни комитети, по директивата на Г. Делчев и Ѓ. Петров, да почнат да дејствуваат посамостојно, бидејќи новиот ЦК на чело со Гарванов се покажа идејно неспособен да ја продолжи борбата против врховизмот. Треба да се знае, рече Битоски, дека Врховниот комитет од името на Фердинанд ги вложувал сите сили да

го преземе раководството на Револуционерната организација и да ги насочува нејзините акции. Македонските револуционери, напротив, се труделе упорно да го преземат ВК и да ја потчинат материјалната и моралната сила на емиграцијата на интересите на револуционерното македонско дело.

Д-р Орде Иваноски изнесе нови сознанија за Гоце Делчев преку споменните на Димо Хаџи Димов. Посебно, притоа, ја нагласи позитивната оценка на Димо за Гоцевиот лик — на визионер, идеолог и организатор на македонското ослободително движење. Побудите да се појават споменните на Димо Хаџи Димов за Гоце Делчев беа да се разобличат и раскринкаат негативните ставови на бугарската официјална дипломатија и другите непријатели на македонското ослободително дело. Димо Хаџи Димов уште за време на Гоцевото живеење открива лик на револуционер и целта на споменните на Хаџи Димов, според д-р Орде Иваноски беа да ги разбие сите фалсификатори и непријатели на македонското движење и Гоце Делчев. Димо, мошне децидно го окарактеризираше Гоце Делчев како бескомпромисен борец против секакви туѓи влијанија кои му се штетни на македонското ослободително дело. Хаџи Димов со голема болка ја доживува смртта на Гоце Делчев, истакнувајќи со право дека Македонија и македонското ослободително движење изгуби еден од своите најверни претставници. Без претензии на хиперболизирање Хаџи Димов Гоцевиот лик го компарира со Левски во Бугарија.

По уводните излагања на тројцата погоре наведени дискутанти се разви дискусија од присутните на овој собир, во која учествуваа: Љубен Лапе, Димче Мире, Шукри Рахими, Владо Картов и Ристо Поплазаров. Во дискусијата беше дадена оценка дека во изнесувањето на претходните дискутанти беа изнесени неколку нови сознанија и преоценки за револуционерниот лик на Гоце Делчев и македонското националноослободително движење. Дискутантите во основа го оценија овој собир како позитивен и препорачаа во иднина да се одржуваат слични вакви собири по некои суштински прашања од македонската историја.

Независно од фактот што беа упатени некои критички забелешки на адреса на организаторот, на овој собир беа изнесени интересни и досега неоткриени сознанија за Гоце Делчев и македонското револуционерно движење воопшто. Гледано во целина, и просудувајќи според сознанијата што беа изнесени и покрај некои незнатни пропусти — повеќе објективни поради затвореност на бугарските архиви, овој собир на Тркалезната маса може слободно да се оцени како успешен.

На крајот да заклучиме дека Гоцевиот портрет на револуционер, идеолог и организатор на македонското револуционерно движење не треба да претставува само сеќавање, туку напротив обврска и инспирација за воспитување на помладите генерации во духот и идеалите за она — слободата, за што нивните претходници ги дадоа своите скапоцени животи.